РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
Бр. 08-79/5
15.04.2024 год.
Македонски Брод

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.02/05), како и член 36 став 1 точка 9 од Статутот на Општина Македонски Брод (Службен гласник на Општина Македонски Брод бр. 02/03...04/17, (Сл.гласник на Општина Македонски Брод бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 11/22), и одредбите од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси („Службен весник на РСМ“ бр. 12/19), Градоначалникот на Општина Македонски Брод донесе:

# УПАТСТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО СУДИР НА ИНТЕРЕСИ

## I Вовед

Согласно Политиката на интегритет на Општина Македонски Брод, во извршувањето на своите овластувања и должности, градоначалникот, членовите на советот и сите вработени во општинската администрација на Општина Македонски Брод, ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост и јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било и со целосно почитување на јавниот интерес.

Притоа внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смеат да се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Каков било фактички , потенцијален или видлив, судир на интерес задолжително се пријавува кај лицето за интегритет, согласно насоките за спречување на судир на интереси.

Службените лица не примаат подароци, привилегии или погодности. Исклучоците од оваа забрана се утврдени со закон. Подароците, без разлика дали се примени или одбиени, а кои не било можно да се вратат, како и без разлика на нивната вредност, задолжително се евидентираат, а копија од листата од евиденцијата за примените подароци се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

## II Судир на интереси

**Член 1**

Меѓународните стандарди, насоки и препораки дефинираат дека:

- јавниот интерес мора да биде на прво место;
- транспарентноста на процесот на донесување одлуки е од исклучително значење;

●систем за пријавување и следење на имотот и интересите да биде воспоставен;

●индивидуална одговорност и личниот пример се основа за доброто управување;

●организациската култура која не толерира судир на интереси мора да се поттикнува и развива.

Судир на интереси е состојба на судир меѓу јавните овластувања и должности со приватниот интерес на службеното лице во кој приватниот интерес влијае или може да влијае врз извршувањето на неговите јавни овластувања и должности.

„Јавен интерес“ е поширок општествен интерес за општото добро и напредок на сите граѓани под еднакви услови, во материјална и нематеријална смисла, којшто може да биде загрозен со предизвикување штета од материјална и нематеријална природа поради дејствување од позиција на судир на приватниот со јавниот интерес.

„Приватниот интерес“подразбира материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на неговите јавни овластувања и должности.

**III Службени лица**

**Член 2**

Генерален принцип за спречување на судирот на интереси е обврската на службените лица секогаш да постапуваат во полза на јавниот интерес, сосема исклучувајќи ги своите приватни интереси и работејќи според принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, самостојност, чесност и професионализам.

Службеното лице не смее да се раководи од семејни, етнички, религиозни, политички или други лични интереси.

Согласно со Законот за спречување судир на интереси, службени лица се: претседателот на Република С. Македонија, пратениците, градоначалниците, амбасадорите и другите наименувани лица во странство, избраните или наименуваните лица од и во Собранието на и Владата на Република С. Македонија, органите на државната управа и други државни органи, органите на судската власт, јавните претпријатија, установи, други правни лица на централната и локалната власт, советниците во советите на општините и градот Скопје, како и лица вработени преку агенциите за привремено вработување со овластување утврдено со закон.

Според горенаведеното, во Општина Македонски Брод службени лица се: градоначалникот, членовите на советот и вработените во Општина Македонски Брод.

Службеното лице треба:

- Да дејствува со личен интегритет и индивидуална одговорност;
- Да дава позитивен пример на другите службени лица и на јавноста;
- При прифаќањето на функцијата да прифати зголемена одговорност за однесувањето во јавниот и во приватниот живот;
- Во случај на судир на интереси, да има лична одговорност за неговото идентификување и разрешување;
- На јавноста да и овозможи пристап до информации кои се од нејзин интерес и кои таа има право да ги знае.

Службеното лице во Општина Македонски Брод не смее да прифати или да оствари било корист за себе или за нему блиско лице, која е резултат на извршување или неизвршување на неговите службени должности.

Блиски лица се лица во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв по права линија и по странична линија до четврти степен, посвоителот и посвоеникот, роднините по сватовите до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има приватен интерес.

Блиските лица на службеното лице, за кои оправдано може да се смета дека имаат интерес што ги поврзува со службеното лице, не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа.

## IV Форми и ризични области за појава на судир на интереси

### Член 3

- Кумулации на функции и остварување на корист;
- Користење на влијанието за финансиска и друга корист;
- Дискрециони овластувања;
- Постапување на службеното лице кога има приватен интерес;
- Подароци;
- Непотизам;
- Користење државен имот и јавни добра за приватни интереси;
- Ограничување по престанок на функцијата и
- Користење и злоупотреба на информации добиени по службена должност.

**V Намалување на ризиците од настанување на ситуации на судир на интереси**

**Член 4**

За да се избегне судир на интереси, неопходно е:

- Свест, волја,посветеност,ангажираност на претставниците на извршната власт во избегнување на состојби на судир на интереси со давање на личен пример и охрабрување на сите други вработени да ги препознаваат состојбите на судир на интереси;
- Проширување на знаењето за тоа што е судир на интереси и како да се избегне;
- Користење обуки, публикации, експерти, платформа за е- учење со цел правилно управување со судирот на интереси;
- Давање јасни и практични примери со кои се илустрира оваа појава;
- Проценување на ризиците од судир на интереси , воведување на систем за управување и следење на истите;
- Назначување лице или тим за спроведување на споменатиот систем;
- Разгледување на прашањето за судир на интереси, како дел од градењето на организациската култура;
- Примена на санкции за непочитување на правилата за управување со судир на интереси;
- Решавање на сите случаи на судир на интереси на праведен и единствен начин.

**VI Алатки за самопроценување за службените лица во Општина Македонски Брод**

**Член 5**

Кога постои дилема кај службеното лице во Општина Македонски Брод дали во определен случај има или нема судир на интереси, службеното лице може да го идентификува можниот судир со искрено одговарање пред самиот себе на следните прашања:

1. Дали имам личен или приватен интерес кој може да има влијание врз извршувањето на мојата службена должност?
2. Дали сега или во иднина, може да да имам корист од таквиот интерес, што би можело да фрли сенка врз мојата објективност?
3. Како другите ќе гледаат на мојата вклученост во таквото постапување или донесување одлука?
4. Дали постојат ризици за мене или за мојата институција?
5. Дали мојата вклученост во донесувањето на конкретната одлука се чини праведна и разумна под какви било околности?
6. Што добивам или што губам од одредено постапувае – донесување одлука?
7. Какви би можеле да бидат последиците доколку го игнорирам судирот на интереси?

8. Што ако моето постапување се изложи пред јавноста?
9. Дали сум дал какви било ветувања или презел обврска во конкретниот случај?

Доколку по косултацијата со самите себе, сеуште не се сосем сигурни , препораката е да се контактира ДКСК.

**VII Постапка за пријавување на корупција и судир на интереси во Општина Македонски Брод**

**Член 6**

Општина Македонски Брод не толерира коруптивно однесување, односно искористување на функцијата, јавносто овластување, службената должност и положба за остварување на каква било корист за вработениот или за нему блиско лице.
Исто така, општината не толерира која било друга форма на неетичко и неморално однесување, забранети со закон и спротивни на Етичкиот кодекс на однесување.

Градоначалникот и раководните структури на општината се одговорни за процена и отстранување на ризиците кои придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп, судир на интереси, користење влијанија и врски заради добивање повластен третман или која било друга форма на незаконско или неетичко однесување.
Градоначалникот и раководните структури на општината го гарантираат правото на заштита од одмазда или закани за лица кои пријавиле неетичко и незаконско однесување, водејќи се од искрено убедување базирано на разумна основа дека пријавата се темели на факти и вистинити содржини.

Пријавите се поднесуваат до лицето за интегритет на Општина Македонски Брод во писмена, електронска или усна форма, на понатамошна постапка согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси и останатите позитивни законски прописи кои ја третираат оваа област. (Прилог бр. 1.) Доколку се докаже дека лицето тенденциозно или злонамерно пријавило, или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени мерки на соодветна одговорност.

**Член 7**

Општина Македонски Брод не толерира коруптивно однесување, односно искористување на фумкцијата, јавното однесување, службената должност и положба за остварување на каква било корист за вработениот или за нему блиску лице.
Исто така, општината не толерира која било друга форма на неетичко и неморално однесување, забранети со закон и спротивни на Етичкиот кодекс на однесување.

Градоначалникот и раководните структури на општината се одговорни за процена и отстранување на ризиците коии придонесуваат за корупција, проневера, крадење, поткуп,

судир на интереси, користење влијанија и врски заради добивање повластен термин или било која било друга форма на незаконско или неетично однесување.

Градоначалникот и раководните структури на општината го гарантираат правото на заштита од одмазда или закани за лица кои пријавиле неетичко и незаконско однесување, водејќи се од искрено убедување базирано на разумна основа дека пријавата се темели на факти и вистинити содржини.

Пријавите се поднесуваат до лицето за интегритет на Општина Македонски Брод во писмена, електронска или усна форма, на полномошна постапка согласно Законот за спречување на корупцијата и судир на интереси и останатите позитивни законски прописи кои ја третираат оваа област. (прилог бр. 1). Доколку се докаже дека лицето тенденциозно или злонамерно пријавило, или дало лажен исказ, против него ќе бидат преземени мерки на соодветна одговорност.

**Прилог 1 : Процедура за пријавување на корупција и судир на интереси во Општина Македонски Брод**






**Член 8**

Упатството влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе биде објавено во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ГРАДОНАЧАЛНИК,
М-р ЖАРКО РИСТЕСКИ